# Модул 2 – Издишана гума

*На овој час децата ќе научат како да поправат издишана гума. Постојат многу чекори за ова, затоа е најдобро да се одвојат барем 2 часа. Важно е да се напомене дека вежбите не се трка, и се треба да се изврши внимателно.*

**Содржина**


Основа ........ Error! Bookmark not defined.

Вовед пред часот ........ Error! Bookmark not defined.

1. ЗАГРЕВАЊЕ ........ 4

2. УЧЕЊЕ ........ 5

3. ИНТЕРАКЦИЈА ........ 7

4. ВЕЖБИ ........ Error! Bookmark not defined.

Додаток А: Пробни вежби ........ Error! Bookmark not defined.

Додаток Б: Мапа за алатки ........ Error! Bookmark not defined.

Додаток В: Вежби ........ Error! Bookmark not defined.


Erasmus+

## ОСНОВА

**Потребно време: 2 часа**

**Број на ученици:** Варира. Идеално 15-20. Максимум 6 ученици за еден велосипед.

**Потребен простор:** Голема празна училница, ходник или сала за физичко. Доколку е можно, часот може да се одржи надвор од училиштето.

**Наставници:** 1

**“Механичар”** (помошник на наставникот): 1

**Целна возраст:** 9-11

## ВОВЕД ПРЕД ЧАС

Поставете четири различни слики што прикажуваат расположение, на ѕидовите низ целата училница. Започнете со едноставните, на пр, среќа, лутина, глад, умор/поспаност.

Подгответе го ѕидот за демонстрирање и велосипедот за демонстрација. Проверете дали ги имате сите алатки за демонстрација. Како додаток на пробните вежби, поставете голем лист хартија на којшто ќе можете да запишувате за “листата на активности”.

Подгответе четири различни агли кадешто учениците ќе можат да ги поправаат нивните велосипеди. Подгответе четири комплети за поправка, но не ги делете додека не дојде време за поправање. Осигурајте се дека пробниот велосипед како и велосипедите на учениците имаат една издишана гума. Најдобро е да се удри предната гума, бидејќи таа е најлесна за одстранување.

Проверете од каде ќе земете вода и дали е потребно да ги наполните кофите пред да почне часот, или пак децата сами ќе го направат тоа.

Кога наставникот и децата ќе пристигнат, замолете ги да донесат големи тешки книги во училницата каде што сте, за да се искористат кога ќе се лепи гуменото парче на внатрешниот дел.

## 1. ЗАГРЕВАЊЕ

| Активност | Опис | Време | Материјали |
|---|---|---|---|
| **Расположенија-слики на ѕидот....** | Викнете ги сите ученици да направат круг во средина на просторијата.<br><br>Прво наставникот прикажува различни расположенија преку мимики. Пр.. “Денес се чувствувам Гладно” (допирање на стомакот). Потоа прашајте ги сите деца како се чувствуваат, едно по едно во редоследот на кругот.<br><br>Потоа наставникот ОДИ ДО другите различни расположенија на ѕидот и со мимики ја објаснува следната слика. Учениците остануваат во средината. Кога сите расположенија се демонстрирани, наставникот се враќа во средината и изговара едно расположение по случаен избор. Пр. “Се чувствувам….. среќно!” Поентата е сите деца со трчање да отидат до правилната слика на ѕидот. Ако ова не го разберат, покажете им како се прави. Вториот пат сигурно ќе разберат! | 5-10 мин | Слики од расположенија (Додаток Г) |

## 2. УЧЕЊЕ

| Активност | Опис | Време | Материјали |
|---|---|---|---|
| **Имам издишана гума!<br>– ДЕЛ 1** | Како во Модул 1, користете ја “мапата за алатки” со слики од различни потребни алатки за поправка на велосипед. Исто, покажете ги вистинските предмети како во првата лекција. Оставете ги децата да ги гледаат и препишуваат имињата.<br><br>Потоа, наставникот кажува дека механичарот е тажен или налутен бидејќи има издишана гума, и им го покажува проблемот на велосипедот. Запомнете: “Ние треба да ја поправиме гумата!”<br><br>Механичарот покажува ДВА ДЕЛА од поправањето на гумата: одстранување и враќање назад. Механичарот прво го покажува“одстранувањето” , потоа децата продолжуваат додека не им се каже **да почекаат.** Додека лепилото се суши (помеѓу книгите), механичарот го покажува следниот дел.<br><br>Наставникот ги запишува “главните активности” од листата со активности. Вие исто може да ја користите оваа листа за да запамтите што треба да се изврши..<br><br>**ДЕЛ 1 Листа на активности: Одстрани**<br>1. Одстрани го тркалото<br>2. Одстрани ја гумата<br>3. Извадете ја внатрешната облога (започнете од малиот вентил)<br>4. Најдете ја дупката | 20 мин | Пробни вежби Модул 2 (ДОДАТОК А)<br><br>Мапа за алатки за учениците (ДОДАТОК Б)<br><br>Маркер за бела табла<br><br>Велосипед со издишана гума за демонстрација<br><br>Клучеви (алат)<br><br>Држачи за гума<br><br>Кофи за вода<br><br>Хартиени крпи за сушење на внатрешната гума<br><br>Траен маркер Комплет за поправка (гумено парчер, метална турпија, лепак)<br><br>Тешки книги<br><br>Пластична папка за заштита на книгите додека се лепи |

Erasmus+

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 5. Означете ја дупката<br>6. Исушете ја внатрешната облога<br>7. Употребете ја металната турпија/шмиргла<br>8. Залепете го гуменото парче<br>9. ЧЕКАЈТЕ 10 минути!<br><br>*Забелешка: Во оваа активност, механичарот може да зборува на Италијански.Во меѓувреме,наставникот поставува прашања и ги повторува главните активности.* | | |

| Активност | Опис | Време | Материјали |
|---|---|---|---|
| **Имам дупмната гума! – ДЕЛ 2** | **Дел 2: Враќање на гумата**<br>1. Вратете ја внатрешната облога (почнете од вентилот)<br>2. Вратете ја гумата<br>3. Вратете го и тркалото<br>4. Пумпајте! | 10 мин | Исто како погоре |

## 3. ИНТЕРАКЦИЈА

| Активност | Опис | Време | Материјали |
|---|---|---|---|
| **Правење тимови** | Кажете им на децата да застанат во еден ред**.** Направете 4 тимови според различни делови од велосипед: ПЕДАЛА, КОЧНИЦИ, ТРКАЛО, СЕДИШТЕ.<br><br>Штом децата се кај "аглите за поправка", нека ја читаат на глас постапката од таблата (главните точки може да се одделени или заедно, во зависност од големината на групата). | 5 мин | Нема |
| **Поправање на гумата** | Децата се поделени во 4 групи и поправаат по една гума одделено за секоја група. (Ако гумите не се издишани, механичарот треба да има игла за брзо да ја дупне гумата што децата ја одстраниле. Потрудете се ова да биде неприметно!)<br><br>Пред да започнат, назначете еден МАСТЕР ЗА АЛАТКИ, еден МАСТЕР ЗА ВОДА, и еден МАСТЕР ЗА ПУМПА во групата. Добро е да ги назначите оние деца кои се срамежливи, односно не ги назначувајте децата кои "се активни во се".<br><br>МАСТЕРОТ ЗА АЛАТКИ е одговорен за комплетот за поправка, и за наоѓање на правилната алатка во секој момент. МАСТЕРОТ ЗА ВОДА (доколку е можно) носи вода, МАСТЕРОТ ЗА ПУМПА носи пумпа.<br><br>НАСТАВНИКОТ е МАСТЕР ЗА ЛЕПИЛО, и децата треба да го прашаат за лепило кога ќе им затреба.. | 30-40 мин | 4 велосипеди со една издишана гума за поправка (пожелно е да е предната гума)<br><br>4 комплети за поправка<br><br>4 клучеви-алатки<br><br>4 пластични папки<br><br>2-4 пумпи<br><br>4 кофи за вода<br><br>Хартиени крпи за сушење на внатрешната облога<br><br>4 трајни маркери |

## 4. ВЕЖБИ

| Активност | Опис | Време | Материјали |
|---|---|---|---|
| Вежби | Кога практичниот дел од лекцијата е завршен, се делат вежбите. Прво ОБЈАСНЕТЕ ја внимателно секоја вежба и оставете ги тоа да го завршат. | 15 мин | ДОДАТОК В |

# Додаток А: Пробни вежби

По пробните вежби, треба да ги предавате соодветните термини.

СОВЕТ: Ако сакате да ги користите Пробните вежби повеќе од еден час, пластифицирајте ги и користете маркер за бела табла.




















DUUTI

eco LOGIC

ΒΕΛΟ

SMILE & PLAY









Тркало



Гума



Внатрешна облога



Пумпа



Комплет за поправка



Кутија со алати



Кофа за вода




Лепило



Гумена лепенка



Метална турпија



Држач за гума



Клуч

Erasmus+

# Додаток Б: Мапа за алатки за учениците

Erasmus+
















Erasmus+

# Додаток В: Пробни вежби за учениците

## Пробна вежба 2 – Издишана гума!

*Напишете ги зборовите во точниот дел*

| **Делови од велосипед** | **Алатки** | **Постапка** |
|---|---|---|
|  |  |  |
| | | |

Внатрешна облога Клуч Одстранување гума
Гума

Тркало Вадење на внатрешна облога

Пумпање на гума

Држач на гума Вода
кофа

Одстранување Комплет за поправка Наоѓање дупка
Пумпа Лепило

**Том има издишана гума.**

*Пополнете ги празните делови со точниот збор:*



Ова е Том. Денес тој е _________ (**среќен – тажен – уморен**).
Неговиот велосипед има издишана __________ (**гума – седиште – педала**)



За да ја поправи издишаната гума, на Том му требаат алати, кофа за вода и ____________________ (**мастика – комплет за поправка – цвет**).

Том проверува во неговиот ______________ (**ранец – комплет со алати – куфер**).

Вади клуч алат за да _____________ (**одстрани – врати назад – залепи**) тркалото од неговиот велосипед. Тогаш вади _______________ (**внатрешна облога – предно светло – корпа**).



За да ја најде дупката, ја става внатрешната облога во

_______________________

(**рерна – кофа за вода – џеб**).
"Види, меурчиња!" вели Том. И ја пронаоѓа дупката.

Том става лепило и гумена лепенка врз дупката. Потоа тој ја___________ (**пумпа – кочи – јаде**) гумата. Сега неговиот велосипед е поправен.



"Си го поправив велосипедот сосема сам!" вели Том. Тој е навистина ________________ (**лут – среќен – горд**).

*Draw a line between the word and the matching picture*

Клучеви алати



Внатрешна облога



Пумпа



Тркало



Комплет за поправка



*Како се чувствуваш денес?*







Среќно Тажно Луто







Изненадено Топло Уморено







Уплашено Гладно Болно